Неофицијален пречистен текст („Службен весник“ на РМ бр. 5/2011, 41/2011 и 61/2016) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 170/2019)

Врз основа на членот 158-ѕ точка 1, членот 74 точки 1,2,3 и 9 и членот 104 став (1) точка 1), а во врска со член 68, 69 и 71 од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15 и 23/16), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија донесе

# П Р А В И Л Н И К
# за видовите и описот на ставки што ќе се земат предвид при пресметка на капиталот на друштво за осигурување и/или реосигурување

## Општи одредби
## Член 1

(1) Со овој правилник поблиску се пропишува начинот на пресметка на капиталот на друштвата за осигурување и/или реосигурување (во понатамошниот текст: друштва за осигурување), начинот и крајните рокови на известување согласно Законот за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: Законот):

1. опис и содржина на поединечните ставки кои се земаат предвид при пресметката на основниот капитал на друштвата за осигурување;
2. опис и содржина на поединечните ставки кои се земаат предвид при пресметката на дополнителниот капитал на друштвата за осигурување и
3. обрасци на кои друштвата за осигурување се должни да ја известуваат Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија (во понатамошниот текст: Агенција) за вредноста на поединечните ставки од кои е составен капиталот.

## Пресметката на капиталот
## Член 2

(2) Капиталот на друштвата за осигурување се пресметува како збир на основниот и дополнителниот капитал, намален за одбитните ставки на начин утврден согласно одредбите на Законот и овој Правилник.

## Основен капитал
## Член 3

(1) При пресметка на основниот капитал се земаат предвид следниве ставки:

1. Уплатен акционерски капитал со исклучок на уплатениот акционерски капитал од кумулативни приоритетни акции;
2. Премии на емитирани обични акции;
3. Резерви на друштвото (законски и статутарни) кои не произлегуваат од договорите за осигурување;

4. Пренесена нераспределена добивка и
5. Нераспределена добивка од тековната година (по одбивање на даноците и останати придонеси, како и дивидендата предвидена за исплата), доколку износот на добивка е потврден од овластен ревизор.

(2) При пресметка на основниот капитал на друштвото за осигурување следните ставки ќе се сметаат за одбивни:

1. Сопствени акции кои ги поседува друштвото за осигурување;
2. Долгорочни нематеријални средства;
3. Пренесена непокриена загуба и загуба од тековната година;
4. Износот на нереализирана загуба од сопственички инструменти расположливи за продажба мерени по објективна вредност;
5. Нереализираната загуба од вреднување на финансиските средства расположливи за продажба;
6. Нето негативните ревалоризациски резерви и останатите разлики од вреднување коишто произлегуваат од вложувања во придружени друштва или заеднички вложувања коишто се вреднуваат со користење на методот на главнина;
7. Во случај на непочитување на ограничувањата при вложување на средствата од капиталот, предвидени во членот 73-а од Законот за супервизија на осигурување, во пресметката на основниот капитал на друштвото за осигурување ќе бидат земени предвид само износите кои се во рамки на ограничувањата предвидени во членот 73-а од Законот за супервизија на осигурување, а основниот капитал ќе се намали за разликата над законските ограничувања.“

**Дополнителен капитал**
**Член 4**

(1) При пресметка на дополнителниот капитал на друштвото за осигурување ќе се земат во предвид следниве ставки:

1. Уплатен акционерски капитал од кумулативни приоритетни акции;
2. Премии на емитирани кумулативни приоритетни акции;
3. Субординирани должнички инструменти;
4. Хартии од вредност со неопределен рок на доспевање; и
5. Ревалоризациски резерви, и тоа:
   - 80% од нереализираната добивка од ревалоризацијата на сопственичките инструменти коишто се расположливи за продажба и мерени по објективна вредност, и
   - 80% од нереализираната добивка од ревалоризацијата на должничките инструменти расположливи за продажба, мерени по објективна вредност.“

(2) Финансиските инструментите од став 1 точки 3 и 4 поблиску се пропишани во членовите 6 и 7 од овој правилник, соодветно.

(3) При пресметка на капиталот на друштво за осигурување, дополнителниот капитал од став 1 од овој член, ќе се земе во предвид само во износ не повеќе од 50% од основниот капитал од член 3 од овој правилник.

**Одбитни ставки**

**Член 5**

(1) При пресметка на капиталот на друштвото за осигурување, износот на основниот и дополнителниот капитал ќе се намали за следниве ставки:

1. вложувања на друштвото за осигурување во акции или субординирани должнички инструменти издадени од друго друштво за осигурување или друга финансиска институција кај кои друштвото за осигурување има удел од повеќе од 10%, како и други вложувања во тие субјекти, кои се вклучени во пресметката на капиталот на тие субјекти;
2. вложувања на друштвото за осигурување во акции или субординирани должнички инструменти, издадени од друштва за осигурување или финансиски институции освен оние наведени во точка 1 од овој став, кои се во износ поголем од 10% од капиталот на друштвото за осигурување пресметан пред одбивање на ставките наведени во точка 1 и оваа ставка.

**Субординирани должнички инструменти**
**Член 6**

(1) Субординирани должнички инструменти кои се вклучуваат во дополнителниот капитал се финансиски инструменти на друштвото за осигурување, кои без оглед на формата, треба да ги исполнуваат и следните услови:

1. да се во паричен облик, односно да се настанати со паричен прилив во друштвото за осигурување, при што само уплатениот дел се вклучува во дополнителниот капитал;
2. да не се покриени со друг вид обезбедување од страна на друштвото за осигурување или лице поврзано со друштвото за осигурување (друштвото за осигурување или лице поврзано со друштвото дополнително да не ги покрило со гаранција, хипотека или друг вид обезбедување);
3. да содржат клаузула за субординација, односно клаузула според која во случај на стечај или на ликвидација на друштвото за осигурување, овие обврски ќе бидат исплатени пред измирување на обврските спрема акционерите на друштвото за осигурување и носителите на хартии од вредност со неопределен рок на доспевање, но по измирување на обврските спрема останатите доверители;
4. да немаат рок на достасување или да имаат рок на достасување подолг од пет години и еден ден од датумот на настанатиот прилив на парични средства во друштвото за осигурување по основ на овие инструменти. Доколку субординираниот инструмент нема рок на достасување, друштвото за осигурување може да изврши исплата само доколку ја известило Агенцијата најмалку пет години пред планираната исплата. Доколку субординираниот инструмент има рок на достасување, договорот за субординиран инструмент не може да содржи клаузула за предвремена отплата, освен во случај на стечај или ликвидација на друштвото за осигурување и
5. да не се користат како обезбедување на побарувања и потенцијални обврски на друштвото за осигурување.

(2) По исклучок на став 1 точка 4 од овој член, друштвото за осигурување може да изврши (предвремена) исплата на субординираниот должнички инструмент само доколку добие претходна согласност од Агенцијата. Агенцијата ќе ја издаде согласноста доколку е исполнет еден од следните услови:

1. Друштвото за осигурување обезбедило соодветен износ на основен или дополнителен капитал со ист или подобар квалитет со кој во целост ќе се замени износот на исплатениот субординиран должнички инструмент;
2. Друштвото за осигурување достави доказ дека и без исплатениот субординиран должнички инструмент, располага со адекватно ниво на сопствени средства во однос на природата, видот и обемот на активностите кои ги извршува и ризиците на кои е изложено како резултат на тие активности.

(3) Заради добивање на согласноста од став 2 од овој член, друштвото за осигурување е должно до Агенцијата да ја достави следната документација:

1. Во случаите од став 2 точка 1 од овој член, проекција на капиталот и потребното ниво на маргина на солвентност за наредните 5 години, со вклучување на основниот или дополнителниот капитал со кои ќе се замени исплатениот субординиран должнички инструмент;
2. во случаите од став 2 точка 2 од овој член, проекција на капиталот, потребното ниво на маргина на солвентност и на природата, видот и обемот на активностите кои ќе ги извршува Друштвото, за наредните 5 години.

(4) При пресметката на дополнителниот капитал на Друштвото во текот на последните пет години до рокот на достасување или исплата, износот на субординираниот инструмент се дисконтира за 20% секоја година. Во последната година пред рокот на достасување или исплата, субординираниот инструмент не се вклучува во пресметката на капиталот.

**Хартии од вредност со неопределен рок на доспевање**
**Член 7**

(1) Хартии од вредност и други финансиски инструменти со неопределен рок на доспевање кои се вклучуваат во дополнителниот капитал на друштвото за осигурување, треба да ги исполнуваат и следните услови:

1. да се во паричен облик, односно да се настанати со паричен прилив во друштвото за осигурување, при што потребно е издадените инструментите да се во целост уплатени за да бидат вклучени во дополнителниот капитал;
2. да содржат клаузула според која сопственикот на овие инструменти во случај на стечај или на ликвидација на друштвото за осигурување, има право на наплата на своето побарување пред измирување на обврските спрема акционерите на друштвото за осигурување, но по измирување на обврските спрема останатите доверители;
3. не можат да бидат исплатени од издавачот на барање на доносител без претходна согласност од Агенцијата;
4. друштвото за осигурување мора да има можност да одложи плаќање на пресметана камата по овие инструменти и
5. во документацијата која се однесува на издавањето на овие инструменти мора јасно да се определи капацитетот за покривање загуба која би произлегла од пристигнатите обврски и неплатена камата при што истовремено да се одржи континуитетот во работењето на друштвото за осигурување.

(2) Агенцијата нема да издаде согласност од став 1 точка 3 да се изврши исплата пред да

поминат пет години и еден ден од денот на запишувањето.

**Пресметка и известување**
**Член 8**

(1) Друштвата за осигурување се должни да го пресметуваат капиталот на пропишаниот образец КС кој е содржан во Прилогот кон овој правилник и е негов составен дел на начин пропишан во Упатството за пополнување на Образецот КС - Пресметка на капиталот, кое е составен дел од овој правилник.

(2) Друштвата за осигурување го пресметуваат капиталот на пропишаниот образец со состојба на последниот ден од следните периоди:

од 1 јануари до 31 март од тековната година (прв квартал);
од 1 јануари до 30 јуни од тековната година (втор квартал);
од 1 јануари до 30 септември од тековната година (трет квартал);
од 1 јануари до 31 декември од тековната година (четврт квартал),

и го доставуваат до Агенцијата во рок од 30 дена од завршувањето на кварталот за кој се доставува извештајот.

(3) По исклучок на претходниот став, образецот за четвртиот квартал друштвата за осигурување ги доставуваат и дополнително со годишните финансиски извештаи.

(4) По исклучок од одредбите од ставовите (1) и (2) од овој член, во случаи предвидени во одредбите од членот 160 став (2) од Законот, друштвата за осигурување се должни да го достават пропишаниот образец во рокови кои ќе ги одреди Агенцијата.

(5) Друштвата за осигурување се должни да ја известуваат Агенцијата на образецот пропишан со овој правилник во електронска форма на начин утврден од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.

(6) Кон известувањето за пресметаниот дополнителен капитал од член 4 став (1) точки 3 и 4 од овој правилник, друштвото за осигурување е должно да достави одлука на органот на управување на друштвото за осигурување за издавање на субординираниот должнички инструмент и хартии од вредност со неопределен рок на доспевање. Во прилог, се доставуваат и документи за поддршка, како што се одлука (решение) на Централниот депозитар за хартии од вредност за упис на инструментот во регистерот на хартии од вредност, проспект на издадениот инструмент, заедно со евиденција за уплата, и листа на доверители на друштвото за осигурување, односно на сопствениците на инструментот.

**Преодни и завршни одредби**
**Член 9**

**(член 9 од Правилникот за видовите и описот на ставки што ќе се земат предвид при пресметка на капиталот на друштво за осигурување и/или реосигурување објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 5/11)**

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија".

(2) Друштвата за осигурување се должни овој правилник да го применуваат со изготвувањето на кварталните извештаи за првиот квартал за 2011 година.

**(член 4 од Правилникот за изменување на Правилникот за видовите и описот на ставки што ќе се земат предвид при пресметка на капиталот на друштво за осигурување и/или реосигурување објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 64/11)**

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

**(член 2 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за видовите и описот на ставки што ќе се земат предвид при пресметка на капиталот на друштво за осигурување и/или реосигурување објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 61/16)**

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 април 2016 година.

(2) Друштвата се должни овој правилник да го применуваат со изготвувањето на извештаите за вториот квартал за 2016 година.

**(член 4 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за видовите и описот на ставки што ќе се земат предвид при пресметка на капиталот на друштво за осигурување и/или реосигурување објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 170/2019)**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. ________**

**од _________ година**

**Скопје**

**Претседател на Советот на експерти**
**д-р Климе Попоски**

# Прилог

## Кон Правилникот за видовите и описот на ставки што ќе се земат предвид при пресметка на капиталот на друштво за осигурување и/или реосигурување

(група)
(назив на друштво)
(период)
(тековна година)

КС: Пресметка на капиталот

| | Ознака | Износ<br>100 |
|---|---|---|
| **Основен капитал, чл. 69 (I1+I2+I3+I4+I5-I6-I7-I8-I9-I10-I11-I12-I13)** | **I** | **0** |
| Уплатен акционерски капитал со исклучок на уплатениот акционерски капитал од кумулативни приоритетни акции | I1 | |
| Премии од емитирани обични акции | I2 | |
| Законски и статутарни резерви | I3 | |
| Пренесена нераспределена добивка | I4 | |
| Нераспределена добивка од тековната година | I5 | |
| Сопствени акции кои ги поседува друштвото за осигурување | I6 | |
| Долгорочни нематеријални средства | I7 | |
| Пренесена непокриена загуба и загуба од тековната година | I8 | |

| | | |
|---|---|---|
| Нереализирана загуба од сопственички инструменти расположливи за продажба мерени по објективна вредност | I9 | |
| Нереализирана загуба од вреднување на финансиските средства расположливи за продажба | I10 | |
| Нето негативни ревалоризациски резерви и останатите разлики од вреднување коишто произлегуваат од вложувања во придружени друштва или заеднички вложувања коишто се вреднуваат со користење на методот на главнина | I11 | |
| Останати одбивни ставки поради непочитување на ограничувањата при вложување на средствата од капиталот, предвидени во членот 73-а од ЗСО | I12 | |
| **Дополнителен капитал, чл. 71 (II1+II2+II3+II4+II5+II6), доколку не е поголем од 50% од основниот капитал** | **II** | **0** |
| Уплатен акционерски капитал од кумулативни приоритетни акции | II1 | |
| Премии од емитирани кумулативни приоритетни акции | II2 | |
| Субординирани должнички инструменти | II3 | |
| Хартии од вредност со неопределен рок на доспевање | II4 | |
| Нереализирана добивка од ревалоризацијата на сопственичките инструменти коишто се расположливи за продажба и мерени по објективна вредност | II5 | |
| Нереализирана добивка од ревалоризацијата на должничките инструменти расположливи за продажба, мерени по објективна вредност | II6 | |
| **Вкупно основен и дополнителен капитал I.+II.** | **III** | **0** |
| **Одбивни ставки, чл. 72 (IV1+IV2)** | **IV** | **0** |
| Вложувања во акции во правни лица од членот 72 од Законот | IV1 | |
| Вложувања во субординирани должнички инструменти и други вложувања во правни лица од членот 72 од ЗСО | IV2 | |
| **КАПИТАЛ I + II – IV** | **V** | **0** |

| | | |
|---|---|---|
| Потребно ниво на маргина на солвентност (за друштва за неживотно осигурување) | VI1 | |
| Потребно ниво на маргина на солвентност (за друштва за осигурување на живот) | VI2 | |
| Капитал | VI3 | 0 |
| Гарантен фонд* | VI4 | |
| Вишок/недостаток на Капитал во однос на Гарантен фонд (VI5 = VI3 -VI4) | VI5 | 0 |
| Вишок/недостаток на Капитал (за неживотно осигурување) во однос на Потребно ниво на маргина на солвентност (за друштва за неживотно осигурување) (VI6 = VI3 - VI1) | VI6 | |
| Вишок/недостаток на Капитал (за осигурување на живот) во однос на Потребно ниво на маргина на солвентност (за друштва за осигурување на живот) (VI7 = VI3 - VI2 ) | VI7 | |

*Гарантниот фонд е дефиниран во член 77 од Законот и претставува 1/3 од потребното ниво на маргина на солвентност, но не смее да биде понизок од соодвениот износ наведен во член 77 став (3) од Законот

# *У П А Т С Т В О*

## *за пополнување на Образецот КС Пресметка на капиталот*

### <u>I. Основен капитал</u>

Основниот капитал на друштвото за осигурување се пресметува како збир од износите искажани на позициите I.2, I.3, I.4 и I.5 намалени за износите од позициите I.6, I.7 и I.8.

**1.1.Уплатен акционерски капитал со исклучок на уплатениот акционерски капитал од кумулативни приоритетни акции**

Се внесува износ на уплатениот капитал од обични акции кои одговораат на состојбата на уплатениот акционерски капитал на последниот ден од кварталот што е впишан во Централниот депозитар за хартии од вредност, без да го вклучи запишаниот капитал од приоритетни акции.

**1.2.Премии за емитирани обични акции**

Се внесува износ кој се јавува како резултат на продажба на акции по повисока цена од нивната номинална вредност (капитална резерва). Се однесува на разликата помеѓу номиналната и продажната вредност на акциите.

**1.3.Резерви на друштвото (законски и статутарни) кои не произлегуваат од договорите за осигурување**

Се внесува износ на резервите кои не произлегуваат од обврските од договорите за осигурување и тоа законски резерви, статутарни резерви и останати резерви.

**1.4.Пренесена нераспределена добивка**

Се внесува износ на пренесената добивка од претходни пресметковни периоди.

**1.5.Нераспределена добивка од тековната година**

Се внесува износ на нераспределена добивка од тековната година, по одбивање на даноците и останати придонеси, како и дивидендата предвидена за исплата, доколку износот на добивка е потврден од овластен ревизор, односно доколку постои мислење без резерва на независен овластен ревизор дека финансиските извештаи на друштвото за осигурување се изготвени во согласност со објавените меѓународни сметководствени стандарди, меѓународните стандарди за финансиско известување, и останатите прописи за водење на сметководство на друштвата за осигурување.

**1.6.Откупени сопствени акции**

Се внесува износот на сопствени акции кои ги поседува друштво за осигурување, и се однесува на стекнати сопствени акции согласно Законот за трговски друштва.

Откупените сопствени акции претставуваат одбитна ставка при пресметката на основниот капитал.

**1.7.Нематеријални средства**

Се внесува износ на средствата во нематеријален облик кои се користат во работењето, за кои е отежнато предвидувањето на нивниот век на употреба, нивната преносливост, како и мерењето на идната економска корист.

Нематеријални облици на средства се: трошоци за развој, патенти, лиценци, софтвер, концесии, заштитни знаци, останати права и goodwill.

Нематеријалните средства претставуваат одбитна ставка при пресметката на основниот капитал.

**1.8.Пренесена непокриена загуба и загуба од тековниот период**

Се внесува износ на пренесена непокриена загуба и загуба од тековниот пресметковен период. Истата претставува одбитна ставка при пресметката на основниот капитал.

**I.9. Нереализирана загуба од сопственички инструменти расположливи за продажба мерени по објективна вредност**

Се внесува износот на нереализирана загуба од сопственички инструменти расположливи за продажба мерени по објективна вредност.

**I.10. Нереализирана загуба од вреднување на финансиските средства расположливи за продажба**

Се внесува износот на нереализирана загуба од вреднување на финансиските средства расположливи за продажба.

**I.11. Нето негативни ревалоризациски резерви и останатите разлики од вреднување коишто произлегуваат од вложувања во придружени друштва или заеднички вложувања коишто се вреднуваат со користење на методот на главнина**

Се внесува износот на нето негативните ревалоризациски резерви и останатите разлики од вреднување коишто произлегуваат од вложувања во придружени друштва или заеднички вложувања коишто се вреднуваат со користење на методот на главнина.

**I.12. Останати одбивни ставки поради непочитување на ограничувањата при вложување на средствата од капиталот, предвидени во членот 73-а од ЗСО**

Во случај на непочитување на ограничувањата при вложување на средствата од капиталот предвидени во членот 73-а од Законот за супервизија на осигурување, се внесува збирот од следниве износи:

- сметководствената вредност на средствата од капиталот на сметки и во пласмани надвор од Република Македонија;
- разликата помеѓу сметководствената вредност на недвижностите и 60% од капиталот на датумот на пресметка на капиталот, доколку разликата е позитивна вредност;
- разликата помеѓу сметководствената вредност на вкупните вложувања во аконтации и заеми што друштвото според Општите услови на осигурувањето ги одобрува со презентација на сопствените полиси за кои премијата е навремено уплатена и 15% од капиталот на датумот на пресметка на капиталот, доколку разликата е позитивна вредност;
- разликата помеѓу сметководствената вредност на одделно вложување во аконтации и заеми што друштвото според Општите услови на осигурувањето ги одобрува со презентација на сопствените полиси за кои премијата е навремено уплатена и 1% од капиталот на датумот на пресметка на капиталот, доколку разликата е позитивна вредност;
- сметководствената вредност на дадените заеми на правни лица, доколку истите не се обезбедени со банкарска гаранција, и/или се со рок на враќање подолг од една година;
- разликата помеѓу вкупните финансиски вложувања на друштвото за осигурување кај поединечен субјект кој не е банка и 10% од капиталот на датумот на пресметка на капиталот, доколку разликата е позитивна вредност;

- разликата помеѓу вкупните финансиски вложување на друштвото за осигурување во една банка и 25% од капиталот на датумот на пресметка на капиталот, доколку разликата е позитивна вредност.

**II. Дополнителен капитал**

Дополнителниот капитал на друштвото за осигурување се пресметува како збир од износите искажани на позициите II.2, II.3 и II.4. Дополнителниот капитал не може да биде повисок од 50% од основниот капитал на друштвото за осигурување.

**II.1. Акционерски капитал уплатен врз основа на издадени кумулативни приоритетни акции**

Се внесува акционерскиот капитал кој е уплатен по основ на издадени кумулативни приоритетни акции по номинална вредност. Доколку продажната цена на емитираните акции е повисока од нивната номинална вредност при емисијата износот се зголемува за разликата помеѓу номиналната и продажната вредност на акциите.

**II.2. Премии за емитирани кумулативни приоритетни акции**

Се внесува износ кој се јавува како резултат на продажба на кумулативни приоритетни акции по повисока цена од нивната номинална вредност (капитална резерва). Се однесува на разликата помеѓу номиналната и продажната вредност на акциите.

**II.3. Субординирани должнички инструменти**

Се внесува износот на уплатениот капитал од издадени субординирани должнички инструменти.

**II.4. Хартии од вредност со неопределен рок на доспеваое**

Се внесува износот на уплатен капитал по основ на издадени хартии од вредност со неопределен рок на доспевање.

**II.5. Нереализирана добивка од ревалоризацијата на сопственичките инструменти коишто се расположливи за продажба и мерени по објективна вредност**

Се внесува износот на нереализираната добивка од ревалоризацијата на сопственичките инструменти коишто се расположливи за продажба и мерени по објективна вредност.

**II.6. Нереализирана добивка од ревалоризацијата на должничките инструменти расположливи за продажба, мерени по објективна вредност**

Се внесува износот на нереализираната добивка од ревалоризацијата на должничките инструменти расположливи за продажба, мерени по објективна вредност.

**III. Збир од основен и дополнителен капитал**

Се внесува збирот од I. Основниот и II. Дополнителниот капитал.

**IV. Одбитни ставки**

На оваа позиција се внесува збирот од износите искажани на позициите !\/.1.и

IV.2. **IV.1. Вложувања во акции во правни лица од членот 72 од Законот**

Се внесува износ на вложувањата во акции во правни лица од членот 72 од Законот.

**IV.2. Вложувања во субординирани должнички инструменти и други вложувања во правни лица од членот 72 од Законот**

Се внесува износ на вложувањата во субординирани должнички инструменти и други вложувања во правни лица од членот 72 од Законот.

**V. Капитал**

Се внесува износ на пресметаниот капитал кој претставува разлика од износот искажан на позицијата III. Вкупно основен и дополнителен капитал и износот искажан на позицијата IV. Одбитни ставки.